за објава

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR FILM
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-1074/3
11.07. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 13 став (1) точка 2 и член 20 став (2) точка 4 од Статутот на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија бр.07-98/1 од 06.02.2014 година, изменет и дополнет со Статутарна одлука бр.01-475/2 од 29.01.2015 година, Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија на седница одржана на 07.07.2023 година, го донесе следниот:

# Д Е Л О В Н И К
## за работа на филмски рецезенти на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија

**Предмет на деловникот**

Член 1

Со овој Деловник се уредува начинот на работењето на филмските рецезенти на Агенцијата за филм Република Северна Македонија, (во натамошниот текст: „рецезенти"), а особено: начинот и постапката за вршење на евалуација на пријавите доставени по конкурс од член 25 од Законот за филмска дејност (во натамошниот текст: „Законот“), пишување на рецензии, бодување и предлози; правата и должностите на филмските рецезенти.

Член 2

(1) Деловникот за работа на филмските рецезенти на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „Деловникот“), се донесува на редовна седница на Управниот одбор, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.
(2) Одредбите на овој деловник се задолжителни за сите рецезенти како и за сите лица кои учествуваат во неговата работа.
(3) За правилната примена на Деловникот се грижи директорот на Агенцијата.

**Именување и надлежности на филмските рецезенти**

Член 3

(1) Директорот на Агенцијата именува филмски рецезенти за читање и евалуација на сценарија, со посебно решение за секој Конкурс. Бројот на рецезентите зависи од бројот на пријавени проекти во тековната година, и истот може да се менува.
(2) За филмски рецезент може да биде именувано лице од областа на филмот и културата врз принципот на стручност и компетентност (може да се именуваат лица кои се имаат стекнато со образование од областа на Филмската и телевизиската режија, Филмското и телевизиското сценарио, Филмската и телевизиската монтажа, Филмската и телевизиската камера, Дизајнот и мултимедијата од насоката Мултимедија Аудиовизуелните уметности, филмска и телевизиска продукција и Актерска игра (се докажува со диплома за завршено високо образование од областите на драмските уметности , аудиовизуелните уметности, применетите уметности и дизајнот стекната во земјата или странство), режисери, сценаристи или продуценти кои имале свое учество во проекти во кои мнозински или малцински удел имала Република Северна Македонија, режисери, сценаристи или продуценти чии проекти биле примени и претставени на фестивали од А и Б категорија, исто така, може да се именуваат лица кои се истакнати културни работници од областа

на аудиовизуелните уметности, истакнати уметници од областа на применетите уметности, кои зад себе имаат филмски или телевизиски филмови, кои имале јавна проекција со доказ кога се случила истата) и принципот на соодветна и правична застапеност.

(3) Надоместокот за работата на филмските рецезенти го определува Директорот на Агенцијата во договорот, во зависност од бројот на прочитани сценарија, и тоа :

- Долгометражни филмови (игран, анимиран и документарен) со износ од 3000 до 8000 денари и
- Краткометражни (игран, документарен и анимиран) со износ од 2000 до 7000 денари од прочитано сценарио.

(4) Рецезентите ги врши следните работи:

- читаат сценарија доставени со проектите по Конкурс; пишуваат рецензии за сценаријата и му предлагаат на Филмскиот Совет листа по приоритети на сценарија со предлог на проекти кои ги препорачуваат за поддршка од Агенцијата по Конкурс.

Член 4

(1) Рецезентите имаат за цел да ја утврдат оргиналноста, автентичноста и квалитетот на содржината на сценариото на филмските проекти, преку мерилата дефинирани во член 3 од Правилникот за поблиските критериуми и мерила на филмските проекти, поблиску уредени во посебни евалуациони листи за секоја категорија на филм кои се дел Правилникот за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 01-217/1 од 30.01.2023 година, како и од критериумите запишани крај следните компоненти кои посебно влијаат на оценувањето:

-Приказна (Квалитет на дискурсот без оглед дали е напишан како оргинално авторско дело или по основ на адаптација или екранизација на друго пишано или останато уметничко дело: квалитет на диегезата (структурата на градење на приказната) по основ на влијанието на заловување на актуелната вигилност на дефинирани целни групи со елементите на евилибриум, заплети, лажни заплети, перипетии, кулминација, расплет, саспенс, воглавном дефинирани низ драматуршката пирамида на германскиот драматург Густав Фрајтаг; општествена актуелност на темата во преглед на петгодишен период, пренесени , вредности ендемично карактеристични и битни за нашата држава, приказна со јасни хумани, емпатиски и критички вредности препознати насекаде со најприближно еднаква емоција деривирана од делото. Да се вреднува правилниот избор на локациите на енетриерите и екстериерите, конотативно кон приказната, да се вреднува тонската кулиса не само по основ на звуковата кулиса, дијалогот и авторската или употребена музика, но и според начинот на дистинкција во описитте на монтажната постапка (паралелна физичка монтажа, паралелна драматуршка монтажа, асоцијативна монтажа, монтажа на атракции и начини на преоди помеѓу кадри, сцени и секвенци. ) ,

-Карактери (Кај играните и анимираните филмови е потребно да постојат јасно дефинирани карактери по основ на општо препознатливи реакции на препреки поставени пред идот, егото или супер егото на секој актер/ карактер поединечно, јасно опишана физичка и емотивна интерактивност на карактерите кон диегезата на филмот, почитување на правилото „името е предзнак" (nomen est omen) во корелација со приказната, јасна драматуршка изграденост на карактерите. Кај документарните филмови особено да се внимава во автентично претставување на изјавите на сведоци на настани и личности да бидат повеќе прикажани во кадар истите, заради автентичност на исказот и одговорност кон изјавеното, да се внимава во форматот „француски журнал" на поседувањето на

авторски и сродни права на аудиовизуелните записи и фотографии позајмени за аргументирана поткрепа на приказната која што ја пренесува документарниот филм

-Дијалог, (Дијалогот во филмската форма е пожелно да ја пренесе најавтентично генералната порака на приказната во филмот, да не ја пренесува истата порака како и описот на расположението на карактерите изразени потоа низ тикови гестикулации во филмот но да надополни она што не го гледа и слуша гледачот. Тој треба да е конотативен кон елементите на драматуршката пирамида кај играните и анимираните филмови. Да помага во развојот на дејствата во одредените кадри, сцени и секвенци во филмот и да го дообјасни просторот надвор од кадарот. Потребно е да е адекватен кон дејствијата на карактерот, да е што пократок, а појасен и дециден. Импостацијата на дијалогот е потребно да дополни објснување во сцената и психофизичката состојба на актерот или карактерот.

-Формат, (Освен потребните побарувања на форматот опишани во компонентата приказна, особено се вреднуваат нелинеарните претставувања на приказната кои асоцираат на геометриска форма или функција, како кружница, концентрични кругови, триаголник, прстенеста форма позајмена од литературата од форматот прстенест роман, знак за бесконечност каде крајот и почетокот да соодвествува и со времето кое го претставува приказната.

-Структура, (Структурата на филмот е потребно да е компатибилна кон филмскиот жанр, да овозможи јасна перцепција на сценаристот и режисерот побаруваната цел во одредениот сегмент од филмот.

-Пишувачки квалитети, (Во морфолошки смисол најадекватна паралела е да реченицата, синтаксата од правописот е приближно еднаква со кадар во филмот како семиолошка форма.

(2) Оценката од ставот (1) која е изразена во Евалуационите листи врз основа на кои се врши евалуација на сценариото на филмскиот проектот се доставуваат на разгледување до Филмскиот Совет. Рецезентите се должни во листите за евалуација да дадат и рецензија за сценариото во смисла дали истото би требало да биде приоритетно за подршка по Конкурс. Листите ги потпишува секој рецезент за проектот кој го читал и понатаму истите се заверуваат во Архивата на Агенцијата.

(3) Доколку филмскиот проект во оваа фаза на евалуација не го оствари потребниот минимален број на бодови пропишан во член 3 од Правилникот, се исклучува од натамошна оцена и евалуација.

Член 5

(1) Материјалите за читање ги подготвува и до рецезентите ги доставува Комисијата за административна селекција. Рецезентите се должни по нив да постапат во рокови утврдени од директорот на Агенцијата, потесно уредени во Договорот. Со Договорот исто така се уредени и правото на заштита на приватноста на рецезентите до исполнување на предметот од договорот, како и заштита на податоците со кои истите располагаат до објава на резултатите од Агенцијата.

(2) Отткако сите од рецезентите ќе завршат со работа, на состанок свикан од директорот на Агенцијата должни се да ја достават листата по приоритет на сценарија кои го оствариле потребниот минимален број на бодови пропишан во член 3 од Правилникот. Листата во себе го содржи предлогот на рецезентите кои проекти ги препорачуваат за поддршка од Агенцијата.

(3) Листите и предлогот доставени од страна на рецезентите, се заверуваат во Архивата на Агенцијата истите понатаму се доставуваат до Филмскиот совет.

Член 6

Именуваните рецезенти, се должни својата работа да ја вршат професионално, стручно, објективно и непристасно, кон работата да пристапат со целата своја стручност и сериозност имајќи ги предвид законот, подзаконските аки и деловникот за работа.

Член 7

Измените и дополнувањата на овој деловник ги донесува Управниот одбор, на предлог на директорот на Агенцијата со мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Член 8

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла во седиштето на Агенцијата и на веб-страница на Агенцијата.

**Претседател на Управен одбор**
**на Агенцијата за филм**

Игор Шокаровски